| | | | |
|---|---|---|---|
| | | од 93 до100бода | 10 (десет) (А) |
| 21 | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, активност и учество во текот на одржувањето на теоретската настава, контрола во текот на изведувањето на практичната настава – клиничката работа со пациентите, проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот. | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Бајевска Ј. | Стоматолошка керамика | Стоматолошки факултет | 2014 |
| | | 2. | Мирчев Е. | Клиника на фиксната стоматолошка протетика | Студентски збор, Скопје | 1996 |
| | | 3. | Rosenstiel SF, LandMF, Fujimoto J. | Contemporary fixed prosthodontics 4th edition | St. Louis: Mosby Inc | 2006 |
| | | 4. | Shillingburg H.T. et al. | Fundamentals of Fixed Prosthodontics 4th edition | Quintessence Publishing Co. Chicago | 2012 |
| | | 5. | Adnan Ćatović, Dragutin Komar, Amir Ćatić I suradnici | Klinička fiksna protetika 1 – Krunice | Medicinska naklada, Zagreb | 2015 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Емилија Бајрактарова Ваљакова | Стоматолошки апарати и опрема | Емилија Бајрактарова Ваљакова | 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Клиничка ендодонција | | | |
| 2. | Код | ДМЗКЕ5 | | | |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ-Стоматолошки факултет –Скопје, Катедра по болести на забите и ендодонтот | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 5 | семестар | 9 и 10 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 9 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Одговорен наставник: проф д-р Соња Апостолска<br>*Во наставата ќе бидат вклучени сите наставници од катедрата | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Отслушани сите задолжителни предмети од 7 и 8 семестар и положени сите задолжителни предмети од 5 и 6 семестар. | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и | Стекнување на вештини за самостојно поставување дијагноза и спроведување на ендодонтска терапија на заби со заболена пулпа и | | | |

| | | |
|---|---|---|
| | резултати од учењето: | апикален пародонтит, познавање на биолошки тераписки можности, индикации и примена на интерсеансни медикаменти, нивните ефекти и недостатоци. Вештини за дефинитивна оптурација на коренските канали, препознавање на грешки и компликации, индикации за повторен ендодонтски третман, како и примена на системи за канална ретенција. Познавање на ургентни тераписки постапки и етиолошките фактори за дисколорација на коронката и техниките за белење на ендодонтски третираните заби.<br>Стекнатите знаења ќе овозможат правилна примена на терапијата во клинички услови. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Теоретска настава -предавања**<br>- Вовед во клиничка ендодонција, функционални карактеристики на пулпо-пародонталниот комплекс...............................................1<br>Резултат од учење: Студентите ќе можат да ги опишат основните цели на ендодонцијата и да ги поврзат анатомските и хистолошките аспекти на забите со ендодонтскиот и периапикалниот простор.<br>- Болка во оралната празнина......................................................1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да идентификуваат и разликуваат различни типови болки во оралната празнина и да ги утврдат нивните потенцијални причини, како и да ја оценат важноста на болката во клиничката дијагноза и третман.<br>- Дијагностика во ендодонцијата..............................................1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да применуваат дијагностички постапки за откривање патолошки состојби на пулпата и периапексот, и да ја оценат точноста на дијагностичките тестови.<br>- Длабок кариес...............................................................................2<br>Резултат од учење:познавање на клиничка слика, методите за дијагноза и пристапите за терапија и техники за зачувување на виталноста на пулпата пулпата при артефицијално отварање.<br>-Клинички аспекти на ендодонтска терапија,индикации и контраиндикации, регресивни метаморфози на пулпа, дентикли, цементикли..........................................................................................1<br>Резултат од учење: познавање на индикациите и контраиндикациите за ендодонтска терапија. Разбирање на процесите на регресивни метаморфози на пулпата, дентиклите и цементиклите.<br>- Заболувања на забната пулпа.....................................................1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да ги опишат причините и механизмите на заболувањата на забната пулпа, вклучувајќи ја патогенезата и класификацијата, со посебен фокус на хиперемијата.<br>- Акутни пулпити..............................................................................1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да ја анализираат етиологијата и клиничката слика на акутните пулпити, и да предложат адекватни методи за дијагноза и терапија.<br>- Хронични пулпити........................................................................1<br>Резултат од учење: студентите ќе можат да објаснат етиологијата и клиничката слика на хроничните пулпити, како и да развијат планови за дијагноза и терапија.<br>- Некроза, некробиоза, гангрена на забната пулпа..........................1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да ја опишат етиологијата, клиничката слика и терапијата за некрозата, некробиозата и гангрената на забната пулпа.<br>- Пародоциум, заболувања на периапикалните ткива, поделба, Parodontitis apicalis acuta....................................................................2<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да ја разберат патологијата на периапикалните ткива и да ги класифицираат различните типови на заболувања, ќе можат да анализираат етиологијата, клиничката слика и да изберат методи за терапија за акутниот пародонтитис апикалис.<br>-Parodontitis apicalis chronica...............................................................2<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да ги опишат карактеристиките на хроничниот пародонтитис апикалис и да предложат стратегии за третман.<br>- Маргинални и латерални пародонтити..........................................1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да ги идентификуваат |

| | | |
|---|---|---|
| | | маргиналните и латералните пародонтити, да ја разгледаат нивната етиологија и да предложат терапевтски пристапи.<br>-Специфичности на анестезиите и аналгезиите во ендодонцијата....1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да идентификуваат специфичности на анестезија и аналгезија при ендодонтски третмани и да направат правилен избор.<br>- Итен ендодонтски третман............................................................1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да идентификуваат и проценат итни ендодонтски случаи и да применуваат соодветни клинички стратегии за третман.<br>- Примена на антибиотици во ендодонцијата....................................1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да ја опишат правилната примена, индикации и контраиндикации на антибиотици во контекст на ендодонтските третмани.<br>-Ендодонтско лекување на ризични пациенти..1<br>Резултати на учењето: кои пациенти се вклучуваат во групата на ризични пациенти и нивна подготовка за ендодонтска терапија. Да се усвојат знаења за индикациите и контраиндикациите за работа со таква група пациенти.<br>-Биоматеријали во ендодонцијата.......................................................1<br>Резултат од учење:разбирање и примена на видовите и својствата на биоматеријалите во ендодонтската терапија, начинот на работа и нивното дејство врз живото ткиво.<br>- Регенеративна ендодонција...............................................................1<br>Резултат од учење:запознавање со регенеративниот потенција на забната пулпа и методите и техниките со кои се стимулира обновување на пулпното ткиво.<br>- Ендодонтски аспект на ресорпцијата на кренот на забот..........1<br>Резултат одучење:разбирање на ендодонтските аспекти и пристапи при ресорпција на кренот на забот.<br>- Ендодонтски аспекти на лекување на фрактура на заб..................1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да разликуваат различни типови на фрактури (коронарни и коренски) и да изберат најсоодветна терапија за лекување.<br>- Грешки и компликации во текот на ендодонтската терапија..........1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да идентификуваат и да предложат стратегии за превенција на најчестите грешки и компликации во ендодонтските третмани.<br>-Ретретман и ендодонтска хирургија...................................................1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да ги објаснат индикациите за ретретман при неуспешни ендодонтски третмани и да применуваат техники за ендодонтска хирургија.<br>- Репарација на апикалниот пародонциум...........................................1<br>Резултат од учење:студентите ќе можат да ги разберат методите за репарација на апикалниот пародонциум и да ги применат во клиничка практика.<br>- Нови технологии и технички достигнувања во ендодонцијата......1<br>Резултат од учење:запознавање со новите технологии (оперативен микроскоп, апарати, инструменти, машински техники) и нивната примена во ендодонскиот третман.<br>- Белење на заби со променета боја...................................................1<br>Резултат од учење:разбирање на техниките и индикациите за белење на заби со променета боја, вклучувајќи ја нивната примена после ендодонтски третмани.<br>- Постендодонтска реставрацијана забите.........................................2<br>Резултат од учење:разбирање на техниките за постендодонтска реставрација и важноста за успешно завршување на ендодонтскиот третман.<br>**Вкупно: ..............................................................*30 часа***<br><br>***Практична настава-вежби***<br>- Вовед во клиничката процедура - припрема на работното место за |

| | | |
|---|---|---|
| | | ендодонтскиот третман,анамнеза,начин на поставување дијагноза, индикации за работа и исход на терапијата, суво работно поле (демонстрација на апликација на кофердам)...................................5<br>- Медицинска документација во ендодонцијата................................4<br>-Дијагностички постапки кај акутни пулпини заболувања (дијагноза и диференцијална дијагноза - клиничка слика, анамнеза клинички преглед, индикации и тип на терапија) .........................5<br>-Дијагностички постапки кај хронични пулпини заболувања (дијагноза и диференцијална дијагноза - клиничка слика, анамнеза клинички преглед, индикации и тип на терапија) ..........................5<br>-Одонтометриски методи.........................................................................4<br>-Рендген дијагностика во ендодонтската терапија..........................4<br>-Тераписки постапки кај некроза и некробиоза.................................4<br>-Тераписки постапки кај гангренозно распадната пулпа..................5<br>-Дијагностички постапки кај акутен пародонтит (дијагноза и диференцијална дијагноза - клиничка слика, анамнеза клинички преглед, индикации и тип на терапија) .............................................5<br>- Дијагностички постапки кај хроничен пародонтит (дијагноза и диференцијална дијагноза - клиничка слика, анамнеза клинички преглед, индикации и тип на терапија) .............................................5<br>- Ендодонтска интервенција - принципи и постапки со ириганси и медикаменти…………………………………………………………...5<br>- Оптурација на каналниот систем, услови,цел на оптурацијата.......4<br>- Оптурација на каналниот систем - материјали и техники................5<br>- Рендгенографска контрола на завршена ендодонтска терапија кај пулпити и пародонтити.......................................................................4<br>- Ургентни ендодонтски тераписки постапки....................................5<br>- Видови анестезии во ендодонтската терапија, алтернативи............4<br>- Грешки и компликации во текот на ендодонтската терапија..........4<br>-Алтернативни методи по неуспешна ендодонтска терапија (ретретман, ендодонтска хирургија) ..................................................4<br>- Тераписки модалитети кај хроничните пародонтити, ендодонтска хирургија-индикации, методи..............................................................3<br>- Постапки за белење на авитални и ендодонтски лечени заби.........4<br>-Реставрацијана ендодонтски третирани заби -индикации и примена на композитни и со фиберглас зајакнати канални колчиња..............4<br>- Ендодонтска терапија кај повреди и трауми на забите....................4<br>- Тимска подготовка и санација на пациентот за протетски надоместоци......................................................................................4<br>- Ендодонтска терапија кај поедини општи заболувања....................4<br>***Вкупно ....................................................................105 часа*** |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Претклиничка ендододнција, Стоматолошки материјали |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | Интерактивна настава, тимска работа, клинички вежби кои вклучуваат работа во мали групи со демонстрирање на инструменти и методи кои се користат во ендодонтската терапија и презентирање и изведување на ендодонтските постапки на пациенти од страна на студентите |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 270 часа |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава. часови | 30 часа |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 105 часа |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | |
| | | 17.3. | Домашно учење – задачи | 135 |
| 18 | Услови за потпис | 80% од практична настава и 60% од теоретска настава | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | Начин на оценување | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | 15+15 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и | 6 – 10 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | усна: бодови | | | | |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | | 36 - 60 бодови (усно и практично) | |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | | до 59 бода | 5 (пет) (F) | |
| | | | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) | |
| | | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) | |
| | | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) | |
| | | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) | |
| | | | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Апостолска Соња, Ренџова Василка | Ендодонција | Маринг, Скопје | 2014 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Arnaldo Casteluci | Endodontics | Edra | 2022 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Ортодонција | | | |
| 2. | Код | ДМЗОР5 | | | |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | УКИМ - Стоматолошки факултет – Скопје, Катедра за ортодонција | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | 5 | семестар | 9 и 10 |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | 9 | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Одговорен наставник: Проф. д-р Габриела Ќурчиева Чучкова<br>Наставници од Катедра за ортодонција | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | македонски | | | |